ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за 2023 година

Институт за човекови права

Институт за човекови права

СОДРЖИНА

Вовед 3

Управен одбор на институтот за човекови права 4

Советодавен одбор на институт за човекови права 4

Извршна канцеларија на институт за човекови права 4

Активности на институтот за човекови права 5

Институтот низ бројки 5

Академија за човекови права 6

Платформа за човекови права 7

Бесплатна правна помош 7

Правен дијалог 8

Проекти кои се спроведуваа во 2023 година 10

- Пристап до правда за сите 10
- За правда – граѓанските организации за независно и ефикасно судство 13
- Заедно за поквалитетно локално новинарство 14
- Уставниот суд - заштитник на човековите права 15
- Зголемен јавен надзор над работата на управниот суд 18
- Борба против сајбер булинг врз девојчиња 19
- Младински активизам за инклузивно општество 20

Дополнителни активности на институтот за човекови права 21

Дополнителни активности на институтот за човекови права реализирани во странство 23

Учество во работни групи и координативни тела 24

ВОВЕД

Институтот за човекови права е здружение на граѓани кое преку својата работа се залага за промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи. Своите определби ИЧП ги остварува преку континуирана едукација, анализа и истражување на состојбите, застапување и организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност.

Во 2023 година Институтот за човекови права успешно ги реализираше проектните активности во постојана комуникација со Управниот одбор. Стратешките приоритети и понатаму беа ориентирани кон правосудството и човековите права, правната сигурност, промоција на човековите слободи и права, еднаквост и недискриминација, борба против корупција и учество во процесот на преговори за пристапување кон Европската Унија. Следењето на работата на Уставниот суд, Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Управниот суд како и други државни институции и понатаму беше во фокусот на работа на Институтот за човекови права.

Во рамките на своите стратешки определби и верувања ИЧП работи во неколку клучни сегменти:

- ги следи состојбите во однос на уживањето на човековите права и слободи преку набљудување и анализа на сите релевантни процеси во земјава;
- ја подига свеста помеѓу релевантните институции, организации и останати чинители за неопходноста за утврдување и градење на ефикасен механизам за промоција, гаранција и заштита на човековите права и слободи и
- ги информира граѓаните за нивните права во случаи кои се однесуваат на дискриминација;
- иницира дискусии за релевантните прашања и проблеми кои директно задираат во уживањето на основните права и слободи на човекот и граѓаните во РСМ, како во стручната така и во општата јавност.

Овој годишен извештај се однесува на работата на Институтот за човекови права кој во текот на изминатата година неуморно делуваше кон подобрување на состојбата на човековите права, промовирање на еднаквост и недискриминација, препознавање на корупцијата и приказ на транспарентноста и отчетноста на државните институции и органи чија работа Институтот за човекови права континуирано ја мониторира. Овој извештај има за цел да го презентира целокупното дејствување на Институтот за човекови права преку реализација на активности во секој поединечен проект, овозможување на бесплатна правна помош, придонесот на Институтот во промоција на науката преку објавување на стручното списание Правен дијалог, објавување на едукативни курсеви на ИЧП Академијата за е-учење, промоција на активности кои се објавуваат на Платформата за човекови права и научниот и практичен придонес на Институтот преку учество во работни групи и координативни тела на теми поврзани со човековите права.

УПРАВЕН ОДБОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Претседателка на Институтот за човекови права е Маргарита Цаца Николовска. Управниот одбор е составен од 7 членови и тоа:

Маргарита Цаца Николовска Претседателка на ИЧП
Агим Мифтари Потпретседател на ИЧП
Вера Коцо | член
Вања Михајлова | член
Игор Спировски | член
Момир Маричиќ | член
Филип Медарски | член

СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Советодавниот одбор на ИЧП се состои од 13 членови и тоа:

• Маргарита Цаца Николовска • Агим Мифтари • Вера Коцо • Вања Михајлова • Мерсел Биљали

• Милојка Калкашлиева • Константин Хаџи Лега • Ирена Цуцулоска • Саше Димовски

• Македонско здружение на млади правници • Жарко Хаџи Зафиров

• Татијана Темелкоска • Славица Димитриевска

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Извршната канцеларија на ИЧП во 2023 година беше составена од 5 члена кои успешно ги реализираа предвидените активности од сите проекти во постојана комуникација со Управниот одбор. Покрај раководење и успешно менаџирање на проектите, вработени во Извршната канцеларија земаа активно учество во работни групи и координативни тела, учество на конференции, дебати, фокус групи и слични настани во Република Северна Македонија и во странство.

АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во 2023 година, претставници од Управниот одбор и Извршната канцеларија на Институтот за човекови права зедоа активно учество преку гостувања во емисии, учество на работилници, работни групи, тркалезни маси, обуки и конференции на теми кои се поврзани со владеење на правото и човековите права, како и теми кои претставуваат дел од стратешките приоритети на Институтот. Дополнително, беа одржани научни предавања на теми поврзани со човековите права и презентирање на активностите кои ги спроведува Институтот за човекови права, промоција на објавените курсеви на Академијата за човекови права.

Во изминатава година, преку различни гостувања и учество на настани и конференции беа промовирани и активностите реализирани во проектите на теми поврзани со пристап до правда, остварување и заштита на слободите и правата пред Уставниот суд, следење на седниците на Уставниот суд, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

ИНСТИТУТОТ НИЗ БРОЈКИ

8 Публикации

3 Мониторинг Извештаи

2 Курсеви на ИЧП Академија

2 Работилници, Обуки и Фокус Групи

4 Студиски посети и учество на настани надвор од РСМ

Одржани Состаноци со Државни Институции

3 Учество во Работна Група за Измена на Закони

2 Склучени Меморандуми за Соработка

2 Објавени Изданија на Правен Дијалог

1 Конференции во Живо

3 Презентации на Академијата за човекови права на правен факултет и пред Уставен суд

2 Видеа

13 Инфографици

АКАДЕМИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Концептот за создавање на Академијата за човекови права произлегува од визијата на Институтот за човекови права за едукација со цел унапредување и заштита на човековите права. Бидејќи едукацијата е клучна за обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права, на Академијата се достапни бесплатни курсеви на различни теми кои ќе им помогнат на регистрираните корисници да ги збогатат своите знаења од областа на човековите права.

Академијата за човекови права е алатка која има за цел, на безбеден и едноставен начин, да ги едуцира своите корисници за различни проблематики од областа на човековите права. Секој курс кој е достапен на Академијата е поделен во одреден број на поглавја и лекции, по чие завршување корисникот одговара на прашања за да може да премине кон наредното поглавје. На овој начин корисниците освен што ќе се здобијат со одредени знаења, имаат шанса истите да ги проверат и утврдат преку прашања на крајот од секое поглавје.

Во 2023 година, ИЧП Академијата го продолжи својот трасиран пат во објавување на курсеви кои се однесуваат на заштита на човековите права и кои обработуваат теми кои се интересни и за кои во секое време постои потреба од едукација и дообјаснување на соодветната проблематика.

Во 2023 година, на ИЧП Академијата беа објавени следниве курсеви:

- **Курсот за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот суд на РСМ** беше подготвен во рамките на проектот „Уставниот суд – заштитник на човекови права“, финансиски поддржан од Германската амбасада во Скопје. Овој курс е наменет за студенти по право, за правници, но и за општата јавност. Негова цел е воведување и запознавање со механизмите за заштита на човековите права пред Уставниот суд (Судот), како и образложување на начинот за нивно користење. Дополнително, тој треба и да ја разграничи различната улога што можат да ја имаат уставните судови во заштитата на правата и слободите, согласно со дадените уставни надлежности, како и примената на меѓународните инструменти во заштитата на човековите права и слободи.

  Курсот е поделен на четири меѓусебно поврзани поглавја. Секое тематско поглавје може во секое време независно да биде посетено, во согласност со потребите и сопственото темпо на учење, од секој посетител. Поглавјата се поделени во лекции, во кои се дадени конкретни примери со цел полесно совладување на материјалот. Дополнително, анализирана е судската практика на Уставниот суд и на Европскиот суд за човекови права, посочени се уставни и законски одредби и линкови до истите, дадени се дополнителни материјали за да го привлечат посетителот да чита повеќе и да се надградува, како и да се навраќа на курсот во текот на неговата работа или едукација.

- **Курсот за принципот на еднаков третман и (не)дискриминација** беше подготвен во рамките на оперативниот грант „Пристап до правда за сите“, финансиски поддржан од Европската Унија. Курсот е наменет за сите лица кои сакаат да се едуцираат за темите поврзани со принципот на еднаков третман и (не)дискриминација. Со курсот ќе се стекнат основни знаења поврзани со: значењето на принципот на еднаков третман и терминот дискриминација; препознавањето и справувањето со стереотипите и предрасудите и нивната поврзаност со дискриминацијата; правната рамка за спречување и заштита од дискриминација; основите, формите и областите на дискриминација; разликата меѓу прекршување на права, нефер третман и дискриминација; состојбата со дискриминацијата во државава и механизмите за заштита.

  До моментот на подготовка на овој извештај, на Академијата за човекови права се имаат регистрирано 1152 корисници. Во оваа година, продолжува трендот на зголемување на бројката на нови корисници, односно 136 нови лица кои креирале свој профил на Академијата. Исто така забележан е растечки тренд на издадени сертификати во 2023 година. Вкупниот број на издадени сертификати во 2023 година изнесува 2108, во споредба со 2022 година каде бројот на издадени сертификати изнесувал 1750.

ПЛАТФОРМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Платформата за човекови права има сеопфатен пристап кон човекови права, односно ги содржи сите информации за начинот на кој може да се заштитат човековите права. Платформата за човекови права е поделена во 6 сегменти кои содржат различен вид на информации кои му се од корист на посетителот на веб-страницата на Институтот за човекови права.

Првиот сегмент на Платформата е наречен **Човековите права и нивната заштита.** Во овој дел се достапни информации за тоа на кој начин може да се заштитат човековите права и каде може да се пријави нивно прекршување, кои се органите кои ги штитат човековите права на национално и на меѓународно ниво, релевантните закон и меѓународни документи.

Вториот сегмент се фокусира на **Пристапот заснован на човекови права,** односно што опфаќа тој, стандардите и принципите на кој е базиран, основните карактеристики кои се однесуваат на него како и вредностите кои ги додава тој во развојните концепти и процеси.

Онлајн обуките го сочинуваат третиот сегмент на Платформата за човекови права, односно тоа е листа на тела и платформи кои на посетителите на веб-страницата им овозможуваат да пристапат до разновидни обуки поврзани со човековите права. Колку ги познаваш твоите права е **квизот** во рамки на Платформата за човекови права. Тој е наменет за сите оние сакаат да ги тестираат своите познавања од областа на човековите права.

Можеби еден од најважните сегменти на Платформата е **Блогот** кој има за цел да им даде простор на разни автори да го искажат своето мислење на актуелни теми поврзани со човековите права.

Последниот сегмент на Платформата се **Документите** каде што може да се пронајдат мноштво на извештаи, прирачници и водичи кои ја тангираат состојбата со човековите права во Република Северна Македонија.

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во 2023 година, Институтот за човекови права како регистрирано здружение за давање на примарна правна помош продолжи со давање на примарна правна помош на сите заинтересирани граѓани.

Согласно Законот за бесплатна правна помош, Институтот за човекови права како овластено здружение обезбедува примарна правна помош која се состои од:

- иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош,
- општа правна информација,
- општ правен совет,
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство, и
- составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Цел на програмата за бесплатна правна помош е да се обезбеди примарна правна помош за сите граѓани во Република Северна Македонија, да промовира еднаков пристап до правда за сите, без дискриминација, и првенствено да им помогне на маргинализираните групи граѓани, со цел да можат да ги осознаат правата што ги имаат, но и да даде одговор на кој начин можат да ги остварат тие права пред државните институции.

Практиката покажува дека продолжува позитивниот тренд од 2022 година, односно и во 2023 година се намалени прашањата што се однесуваат на опфатот на бесплатната правна помош и што претставува истата. Ова укажува на фактот дека граѓаните, во поголем дел, се запознаени со бесплатната правна помош и на кој начин можат да ја остварат, при што остануваат само прашањата во кои области таа може да се примени, како и прашањата што произлегуваат од секојдневните проблеми на граѓаните.

Во изминатиов период Институтот за човекови права овозможи примарна правна помош во 58 случаи во кои е дадена општа правна информација или општ правен совет. Најголем дел од прашањата што беа упатени до ИЧП се однесуваа на остварувањето на социјалните права и тоа по однос на правата од здравствено и пензиско осигурување, како што се: признавање на условите за стекнување инвалидска пензија, надоместоците за телесен инвалидитет, во случај на смрт на член од потесно семејство и нега од друго лице, признавање пензиски стаж, како и пријавување и постапување во случаи на несовесно лекување.

Од анализата на останатите прашања кои беа упатени до Институтот за човекови права може да се забележи дека голем дел од нив се однесуваат на барања за општа правна информација и/или правен совет во спорови од имотно-правен карактер и тоа за физичка делба, утврдување сопственост, како и оспорување договори за купопродажба и за доживотна издршка. Оваа година се забележува пораст во однос на прашањата што се однесуваат на заштита на човековите слободи и права и на прашањата поврзани со поднесување жалба пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

Општествената функција на списанието „Правен дијалог" е да отвора теми, дијалози и нови пристапи со цел развивање, унапредување и размена на сознанија од правната мисла помеѓу теоретичарите и практичарите од областа на владеење на правото и човековите права, а тие да станат подостапни за поширокатa научна и стручна јавност. За таа цел во списанието се објавуваат:

1. Научни трудови кои ќе ги рефлектираат теоретските аспекти на теми поврзани со човековите права и владеење на правото кои се однесуваат на Република Северна Македонија, но и општо на останатите држави во Европа и пошироко и
2. Научни трудови кои ќе се осврнат на анализа од практичен аспект на конкретни пресуди на Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права.

Во 2023 година, стручното списание „Правен дијалог" продолжи да биде објавувано во рамките на оперативниот грант „Пристап до правда за сите" финансиран од Европската Унија. Идејата за инкорпорирање на Правен дијалог во рамките на овој грант поттикна од волјата за подигање на свеста и промовирање на едукација за прашања поврзани со човековите права и иницирање дебата за подобрување на пристапот до правда за сите граѓани со особен фокус на маргинализираните групи на граѓани преку следење на релевантни институции со помош на анализа базирана на докази. На овој начин, се создава можност за сите правни практичари и теоретичари да истражуваат и пишуваат на теми кои се поврзани со владеење на правото и почитување на човековите права.

Во 2023 година продолжи успешно да функционира истиот состав на Редакцискиот одбор на Правен дијалог кој што брои 5 члена и тоа:

- Манчо Митевски – Главен и одговорен уредник
- Весна Стефановска – Заменик на главниот и одговорен уредник
- Мерсел Биљали – член
- Славица Димитриевска – член
- Ангелина Станојоска – член

Целта на Редакцискиот одбор е во секое издание да преовладуваат различни теми напишани од широк профил на експерти во своите области чии трудови ќе иницираат дијалог и размена на мислења. И оваа година продолжува традицијата на објавување на трудови од студенти на мастер и докторски студии на теми поврзани со човековите права и владеење на правото со што се докажува и потврдува премисата дека списанието Правен дијалог станува препознатливо за младите студенти и истражувачи.

Во 2023 година беа објавени две изданија на списанието „Правен дијалог" и тоа број 27 во јуни и број 28 во декември. Овие две изданија, како и претходните ја продолжуваат традицијата на списанието да биде препознатливо по шареноликоста на темите, сегментите кои ги анализираат човековите права и владеењето на правото обезбедено и гарантирано од институциите на државата. Објавените трудови се напишани од актуелни и поранешни судии на Уставен суд и Врховен суд, професори, доценти, постдипломци, докторанди како и експерти од граѓанските организации. Во Правен дијалог бр. 28 за прв пат беше подготвена посебна секција наменета за трудови кои обработуваат теми поврзани со еколошка правда и заштита на животната средина. Двете изданија на Правен дијалог беа едни од најбројните досега при што беше објавен 21 труд подготвен од 23 автори.

ПРОЕКТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО 2023 ГОДИНА

ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА СИТЕ

Финансиски поддржано од Делегација на Европска Унија

Времетраење: 1 јануари 2023 – 31 декември 2023

Целта на програмата е подобрување на пристапот до правдата за сите, особено за ранливите и маргинализирани групи граѓани во Северна Македонија.

Во рамките на програмата се реализирани следниве специфични цели и тоа:

- Да се олесни заштитата од дискриминација на маргинализираните групи на луѓе преку обезбедување бесплатна правна помош;
- Подигање на свеста и промовирање на едукација за прашања поврзани со човековите права;
- Да се подобри пристапот до правдата на граѓаните преку следење на релевантните институции со помош на анализа базирана на докази; и
- Залагање за соодветно законодавство и политики во однос на заштитата на човековите права и владеењето на правото во согласност со правото на ЕУ.

Во рамките на имплементација на проектот, беа одржани состаноци со заменик претседателката на Управниот суд на РСМ и со претставници од Судскиот совет на РСМ.

На ден 30 мај 2023 година, беше одржана фокус група со претставници од граѓански организации кои работат со ранливи и маргинализирани групи на граѓани со цел да се добијат информации за состојбите со човековите права во државата и почитувањето на меѓународните инструменти за заштита на човековите права и особено конвенциите и документите на ООН, а во контекст на разгледувањето на Република Северна Македонија во рамките на 4тиот циклус на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ООН. Посебен фокус беше ставен на прашањата и тематските области истакнати во писмото на Високиот комесар за човекови права на ООН адресирани до државата во третиот циклус на УПП, со акцент на социјалната заштита.

Во јуни 2023 година беше објавено новото издание на списанието Правен дијалог бр. 27 во кое се објавени 10 трудови кои обработуваат различни теми поврзани со човековите права и владеење на правото во Република Северна Македонија, но и пошироко.

Во јули 2023 година беше објавена Анализата за статусот на вонбрачната заедница и правата на вонбрачните партнери. Во анализата се изнесени клучните аспекти на состојбата на вонбрачната заедница во нашава држава и потребата од поцелосно законско регулирање на правните односи коишто настануваат помеѓу вонбрачните партнери во одредени сегменти од заедничкото живеење во таквата заедница, чие постоење неспорно е прифатено во дел од законската регулатива на македонскиот правен поредок.

Во август 2023 година беше објавен Извештај од следењето на работата на Судскиот совет за периодот јануари - јули 2023 година. Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е, преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права да ги забележи предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Извештајот содржи заклучоци и препораки за надминување на актуелни предизвици и подобрување на состојбите.

Во август 2023 година, Институтот за човекови права го објави Прирачникот за европски стандарди во управни постапки. Целта на овој Прирачник е да обрне внимание на дел од меѓународните стандарди, воспоставени на ниво на Советот на Европа како што се Европската конвенција за човекови права, Препораката CM/Rec(2007)7 на Комитетот на министри за добра управа и неколку други препораки, како и во практиката на Европскиот суд за човекови права. Покрај на европските стандарди, Прирачникот посветува внимание и на начелата за водење управна постапка кои произлегуваат од македонскиот Закон за општа управна постапка.

Во октомври 2023 година беше подготвена писмен поднесок на Институтот за човекови права во рамките на 4 циклус на Универзалниот периодичен преглед на ООН. Подготвениот материјал обезбедува информации на Работната група во однос на судските реформи, пристапот до правдата, дискриминацијата, политичкото учество на лицата со попреченост и обезбедување бесплатна правна помош за маргинализирани и ранливи групи на луѓе. Материјалот се фокусира на Република Северна Македонија и на недостатоците и напредокот во гореспоменатите области.

Во декември 2023 година, беше објавено новото издание на списанието Правен дијалог бр. 28 во кое се објавени 11 трудови кои обработуваат различни теми поврзани со човековите права и владеење на правото во Република Северна Македонија. Во ова издание беше објавена посебна секција која се однесува на заштита на животната средина и еколошка правда.

Во декември 2023 година на ИЧП Академијата за човекови права беше објавен Онлајн курсот за (не)дискриминација. Курсот е наменет за сите лица кои сакаат да се едуцираат за темите поврзани со принципот на еднаков третман и (не)дискриминација. Со курсот посетителите ќе стекнат основни знаења поврзани со: значењето на принципот на еднаков третман и терминот дискриминација; препознавањето и справувањето со стереотипите и предрасудите и нивната поврзаност со дискриминацијата; правната рамка за спречување и заштита од дискриминација; основите, формите и областите на дискриминација; разликата меѓу прекршување на права, нефер третман и дискриминација и состојбата со дискриминацијата во државава и механизмите за заштита.

Во декември 2023 година беше подготвен и објавен Годишниот извештај за работата на Управниот суд во периодот јануари-декември 2023 година. Институтот за човекови права редовно ги следи јавните расправи пред Управниот суд во предмети коишто се однесуваат на социјалните права. Цел на оваа активност е да се анализира пристапот до административната правда за сите граѓани, со посебен осврт на маргинализираните и ранливите групи граѓани (примателите на социјална помош, лица со попреченост, Роми, самохрани родители, повозрасни граѓани и слично).

Во декември 2023 година беше објавен Извештајот од следењето на работата на Судскиот совет за периодот август - декември 2023 година. Извештајот е поделен во три главни дела кои се однесуваат на транспарентноста, ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет. Воедно, извештајот содржи заклучоци и препораки врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, извештаите за Судскиот совет, објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет.

Во декември 2023 година беше подготвен и објавен Извештајот за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија за 2023 година. Извештајот се фокусира на неколку области и тоа - на пристапот до правда – со посебен фокус на пристапот до административната правда на маргинализираните групи и бесплатната правна помош, еднаквоста и недискриминацијата, како и на човековите права на специфичните групи, како жени, лица со попреченост, Роми итн. Извештајот дава и краток преглед на пресудите од Европскиот суд за човекови права, кои беа донесени во 2023 година против Република Северна Македонија. На крај извештајот содржи и посебен дел за правото на здрава животна средина.

Визуелизации:

- Инфографик за поднесување на тужба пред Управен суд
- Инфографик – семејна и старосна пензија
- Инфографик – остварување на правото на лекување во странство
- Инфографик – Социјална сигурност за стари лица
- Инфографик - кои принципи треба да ги почитува администрацијата кога одлучува за права и обврски на граѓаните?
- Инфографик – често поставувани прашања: Европскиот суд за човекови права
- Инфографик - заклучоци и препораки од следењето на работата на Управниот суд на РСМ
- Видео: Принципи на администрацијата

ЗА ПРАВДА – ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА НЕЗАВИСНО И ЕФИКАСНО СУДСТВО

Финансиски поддржано од Фондацијата Отворено општество - Македонија

Времетраење: 1 јануари 2023 – 30 јуни 2024 година

Генерална цел на проектот е зголемување на влијанието на граѓанските организации во процесот на реформи во правосудството како предуслов за заштита на човековите права и обезбедување социјална правда.

Во рамките на проектот предвидени се следниве активности:

- Следење и оценка на процесот за изработка и содржината на Стратегијата за реформи во правосудството 2023 – 2027, придонес кон изработување методологија за следење на спроведување на Стратегијата и следење на спроведувањето на Стратегијата и публикување на наодите;
- Работни состаноци за координација и соработка со тематски мрежи и платформи, како и со граѓански организации со цел идентификување на специфични проблеми и предизвици и планирање заеднички активности за застапување;
- Учество во работни групи за изработка на закони и други прописи кои произлегуваат или се предвидени во стратешките документи во областа на правосудството;
- Следење на актуелните состојби во правосудството;
- Спроведување Watchdog активности, изложување на негативните состојби и обезбедување заложби од клучните чинители за нивно надминување;
- Спроведување активности за скрининг процес поврзани со кластерот 'Основи' (Fundamentals) /Поглавјето 23;
- Изработка на работен документ за идентификување на празнини во домашното законодавство, политики и практики како и проблемите и тешкотиите со кои државата може да се соочи во понатамошниот процес на усогласување во поглед на Поглавјето 23;
- Завршна конференција за презентирање на наодите.

Во периодот на имплементација на проектот, Блупринт групата излезе и со реакции во однос на актуелните состојби во правосудството и тоа:

- Реакција на Блупринт групата по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 26.04.2023
- Судскиот совет продолжува со незаконитото и нетранспарентно постапување - реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седниците одржани на 4 мај 2023
- Реакција по повод случувањата во Судски совет на РСМ во врска со кандидатурите за членови
- Реакција по повод избори на два членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и изборот на јавни обвинители од Советот на јавни обвинители на РСМ
- Реакција по повод измените на Кривичниот законик во скратена постапка
- Блупринт групата до Претседателот на РСМ испрати барање за непотпишување на указот за прогласување на законот за изменување и дополнување на кривичниот законик
- Соопштение: Блупринт групата се повлекува од понатамошно учество и давање придонес во процесот на изработка на новиот кривичен законик

ЗАЕДНО ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ЛОКАЛНО НОВИНАРСТВО

Финансиски поддржано од Делегација на Европската Унија

Времетраење: 3 јануари 2023 - 3 јануари 2025 година

Целта на проектот е зајакнување на капацитетот и промовирање на професионалните стандарди на локалните новинари. Во рамките на проектот реализирани се следниве специфични цели и тоа:

- Да се зајакнат капацитетите на локалните новинари, особено од етничките малцинства, да практикуваат истражувачко новинарство, дигитална и медиумска писменост, како и стандардите за човекови права во нивната работа;
- Да се зајакнат капацитетите на студентите по новинарство за професионален развој и креативно изразување во медиумите; и
- Да се подобри влијанието и соработката помеѓу локалните граѓански организации и локалните медиуми за промовирање на правата на новинарите, поттикнување на борбата и реагирањето на сите форми на насилство против новинарите, промовирање на професионалните стандарди и слобода на говорот.

Овој проект го спроведува Центарот за развој на медиумите на заедниците "МЕДИУМ" во партнерство со Институтот за човекови права. Активностите спроведени од Институтот за човекови права беа изработка на Водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумското работење и обука за локални новинари на тема примена на пристапот заснован на човекови права во медиумското работење.

Во октомври 2023 година беше објавен Водичот за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумското работење кој треба да послужи како корисна алатка и насока за вклучување на принципите на човековите права при информирањето на јавноста. Целта на Водичот е да послужи како објаснувачки инструмент за надминување на оној вид информирање, кое завлегува во сферите на стереотипи и предрасуди кон одредени групи. Затоа, секоја вест и информација, особено од оваа сфера, треба темелно да се истражи, да се провери и професионално да се напише.

Во октомври 2023 година беше објавен Повик за избор на новинари за учество на обука за примена на пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП) во медиумското работење. Со повикот беше побарано да се пријават медиумски работници, уредници, новинари кои работат во локални медиуми од проектните општини Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид.

Во ноември 2023 година беше одржана обука во Маврово за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумското работење. Истата им овозможи на новинарите да се запознаат со основните принципи на ПЗЧП и неговата примена и значење за медиумската работа. Темите и прашањата кои се обработуваа на обуката се однесуваа на: што се подразбира под ПЗЧП, зошто ПЗЧП е важен за медиумите, која е улогата и кои се обврските на медиумите во процесот на промовирање и заштита човековите права и како да се известува со цел да се почитуваат човековите права и применуваат највисоки стандарди при тоа известување?

УСТАВНИОТ СУД - ЗАШТИТНИК НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Финансиски поддржано од Германската амбасада во Скопје

Времетраење: 15 април 2023 - 31 декември 2023 година

Општата цел на проектот е да се подобри севкупниот систем за уставна заштита на човековите права и слободи како и да се зголеми јавниот интерес и знаењето за работата на Уставниот суд. Во рамките на проектот реализирани се две специфични цели и тоа:

Да се зголеми знаењето и интересот на јавноста за уставните права и слободи и да се зголемат знаењата и вештините на правните професионалци, студентите и јавноста за расположливите механизми за заштита на човековите права и слободи пред Уставниот суд и

Да се подобри уставниот механизам за заштита на човековите права и слободи врз основа на споредбени регионални и континентални искуства и најдобри практики.

Во октомври 2023 година беше подготвен Водичот за поднесување на иницијативи пред Уставниот суд на РСМ. Водичот за поднесување на иницијативи пред Уставниот суд на Република Северна Македонија има за цел да појасни како можат да се поднесат иницијативи и воедно да даде одговор на прашањата кој може да поднесе иницијативата, што треба да содржина иницијативата, против кои акти може да се поднесе иницијативата и слично. Овој водич има за цел да го зголеми пристапот до правда, бидејќи иако секој може да поднесе иницијатива пред Уставниот суд, сепак големиот број на одбиени и отфрлени иницијативи укажува дека има потреба од поголема јасност и едукација во однос на целокупната постапка за поднесување на иницијативи. Дополнително, целта на ваквиот водич е да го намали бројот на одбиени и отфрлени иницијативи со цел да се подобри уставната заштита на човековите права и слободи.

Во ноември беше објавено видеото - Уставот на Република Северна Македонија и основните човекови права и слободи. Видеото има за цел на сликовит, визуелен и едноставен начин да го објасни Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт во државата со кој законите и другите подзаконски акти мора да бидат во согласност. Преку визуализации доловени се граѓанските и политички, економските, социјалните и културните права и слободи кои се загарантира со Уставот. Целта е да се прикаже лесно читлив и илустриран Устав кој ќе им овозможи на учениците од основните училишта лесно да го разберат Уставот, правата и слободите кои тој ги штити и механизмите што ги овозможува за заштита на овие права.

Во ноември 2023 година, Институтот за човекови права го објави „Курсот за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот Суд на РСМ“ кој е наменет за студенти по право, правници но и општата јавност и има за цел нивно воведување и запознавање со механизмите за заштита на човековите права пред Уставниот суд на Република Северна Македонија како и за начинот на нивното користење. Дополнително, курсот има за цел да ја разграничи различната улогата што можат да ја имаат уставните судови во заштитата на правата и слободите, согласно дадените уставни надлежностите, како и примената на меѓународните инструменти во заштитата на човековите права и слободи.

На 13 ноември 2023 година беше одржана презентација на онлајн Курсот за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот суд на РСМ на Правниот Факултет - Битола, Универзитет "Св. Климент Охридски". Во рамките на презентацијата, претставници на Институтот за човекови права ги запознаа присутните со работењето на ИЧП и со Академијата за човекови права. Во рамките на настанот беше потпишан и Меморандум за соработка меѓу Правниот факултет и Институтот за човекови права - Скопје. Курсот е поделен на четири меѓусебно поврзани поглавја: (1) Механизми за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија; (2) Иницијатива за оценување на уставност и законитост; (3) Барање за заштита на слободите и правата и (4) Примена на Европската конвенција за човекови права од страна на Уставниот суд.

На 21 ноември 2023 година на Правниот факултет на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово се одржа втората презентација на онлајн курс за заштита на човековите слободи и пра-

ва пред Уставниот суд на РСМ. Во рамките на презентацијата, претставници на Институтот за човекови права ги запознаа студентите со работењето на ИЧП и со Академијата за човекови права.

На 22.11.2023 година на Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип се одржа трета презентација на онлајн курс за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот суд на РСМ. Во рамките на презентацијата, претставници на Институтот за човекови права ги запознаа студентите со работењето на ИЧП и со Академијата за човекови права.

Претставници од Институтот за човекови права и Уставен суд на Република Северна Македонија остварија студиска посета во Република Словенија од 26ти до 29ти ноември 2023 година. Во рамките на посетата беа остварени средби со претседателот на Уставниот суд на Република Словенија Dr Matej Accetto, судијките Dr Špelca Mežnar и Dr Katja Šugman Stubbs, Генералниот секретар Dr Sebastian Nerad, како и раководителите на три одделенија на Уставниот суд на Република Словенија. Институтот за човекови права беше претставуван од претседателката на ИЧП - Маргарита Цаца Николовска, член на Управниот одбор на ИЧП - Игор Спировски, и два члена на Извршната канцеларија - Весна Стефановска и Марија Чекреџи. Целта на студиската посета беше размена на искуства и позитивни практики во постапување на Уставниот суд на Република Словенија со посебен осврт на примената на механизмот на заштита на слободите и правата во вид на уставна жалба (constitutional complaint). Во рамките на посетата, претседателката на Уставниот суд на РСМ, Добрила Кацарска сподели искуства од нашиот Уставен суд во однос на заштитата на основните слободи и права, додека пак портпаролот на Уставниот суд на РСМ, Христина Беловска размени искуства во делот на односи со јавност и соработка со медиуми и граѓански организации. Во рамките на студиската посета беше остварена и средба со prof.dr Ciril Ribičič – директор на Inštitut za ustavno pravo, Ljubljana, prof. dr. Albin Igličar како и со други претставници од Институтот. На средбата се разменуваа искуства од двете држави во однос на заштитата на слободите и правата и особено словенечкото искуство со примената на уставната жалба.

На 10 декември 2023 година, Институтот за човекови права одржа дебата за заштитата на човековите права и слободи пред Уставниот суд на РСМ. Дебатата имаше за цел да иницира дискусија во врска со проширување на опсегот за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот на РСМ. На дебатата беше презентирана Анализата на одлуките и решенијата на Уставниот суд на Република Северна Македонија по поднесени барања за заштита на слободите и правата која дава еден преглед на постапувањето на Уставниот суд, примената на Уставот и Деловникот во своето работење, примената на Европската конвенција за човекови права и практиката на Европскиот суд за човекови права во три-деценски период. Дополнително, беше презентиран и дел од документот за јавни политики за потребата од проширување на опсегот на заштита на човековите права преку воведување на уставна тужба

Во декември 2023 година беше објавена Анализата на одлуките и решенијата на Уставниот суд на Република Северна Македонија по поднесени барања за заштита на слободите и правата. Анализата има за цел, преку разгледување на сите одлуки и решенија донесени од Уставниот суд на Република Северна Македонија во периодот од 1992 до 2023 год., да го согледа остварувањето на надлежноста на Уставниот суд во заштита на слободите и правата. Дополнително ги идентификува прашањата што би можеле да бидат основа за унапредување на нивото на заштита на слободите и правата, особено од гледиште на меѓународните документи, како што се Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации, Европската конвенција за човекови права и други; како и од гледиште на влијанието на пресудите на Европскиот суд за човекови права во одлучувањето на Уставниот суд.

Во декември беше подготвен и објавен документот за јавни политики „Потреба за воведување на уставна тужба во правниот поредок на Република Северна Македонија“. Документот претставува сеопфатна анализа за потребата и можноста за воведување на правното средство уставна тужба односно жалба во правниот поредок на Република Северна Македонија. Документот се состои од вовед во правно-политичкиот контекст во нашата држава, куса компаративна анализа на нормативната рамка за уставна тужба односно жалба во правните поредоци на Република Словенија, Република Хрватска, Република Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, како и

Сојузна Република Германија и сценарија за можноста од воведување на ова правно средство во правниот поредок на Република Северна Македонија и зајакнување на улогата на Уставниот суд на Република Северна Македонија како заштитник на човековите права (препораки). Анализата поаѓа од констатацијата дека постои објективна и практична потреба за проширување на нормативната рамка на нашиот правен поредок кон воведување на правното средство уставна тужба односно уставна жалба, а со јасна цел да се унапреди и зајакне уставното судска заштита направата и слободите на граѓаните загарантирани со нашиот Устав.

Визуелизации:

- Инфографик - работата на Уставниот суд на РСМ (период: април – јули)
- Инфографик - работата на Уставниот суд на РСМ бр. 2 (период: август – октомври)
- Инфографик - работата на Уставниот суд на РСМ бр. 3 (период април – декември)
- Инфографик - Водич за поднесување иницијативи пред Уставниот суд на РСМ
- Видео - Уставот на Република Северна Македонија и основните човекови права и слободи
- Инфографик - Анализа на одлуките и решенијата на уставниот суд на Република Северна Македонија по поднесени барања за заштита на слободите и правата
- Инфографик - Компаративен преглед на примена на уставната жалба во регионот

ЗГОЛЕМЕН ЈАВЕН НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА УПРАВНИОТ СУД

Финансиски поддржано од Француската амбасада во Скопје

Времетраење: 1 август 2023 - 31 јануари 2024 година

Општата цел на проектот е да се истакне значењето на пристапот до административна правда за сите, со посебен фокус на маргинализираните групи и да се зајакнат капацитетите на Управниот суд во постапувањето со предмети поврзани со социјалните права преку имплементација на заклучоци и препораки кои ќе произлезат од процесот на мониторинг. Во рамките на проектот реализирани се две специфични цели и тоа:

Да се зголеми јавната свест и разбирање за конкретните постапки кои се однесуваат на социјалните права и надлежностите на Управниот суд.

Да се подигне свеста за важноста на пристапот до правдата пред Управниот суд, особено за маргинализираните групи, во нивната потрага по социјалните права.

Во периодот од август до крајот на јануари 2024 година, Институтот за човекови права редовно ги следеше јавните расправи пред Управниот суд во предмети коишто се однесуваат на социјалните права. Цел на оваа активност е да се анализира пристапот до административната правда за сите граѓани, со посебен осврт на маргинализираните и ранливите групи граѓани (примател и на социјална помош, лица со попреченост, Роми, самохрани родители, повозрасни граѓани и слично).

Социјалните права генерално се однесуваат на правата што ги имаат поединците за при- стап до основните услуги и ресурси кои придонесуваат за нивна благосостојба и достоинство. Овие права можат да бидат инструменти за ублажување на сиромаштијата, преку обезбедување заштитна мрежа за оние на кои им е потребна. Програмите за социјална помош, бенефициите за невработеност и други форми на поддршка можат да им помогнат на поединците и на семејствата, во тешки времиња. Важноста на социјалните права лежи во нивниот потенцијал да го подобрат човековото достоинство, да промовираат еднаквост и да придонесат за целокупната благосостојба на поединците и на општеството.

Во јануари беше објавен Извештајот за работата на Управниот суд при одлучување во предмети коишто се однесуваат на социјални права. Во текот на извештајниот период беа следени јавни расправи од областа на социјалните права. Како најзастапени основи кои беа расправани беа старосната пензија, надоместот за лекување во странство, надоместот за набавени лекови, семејната пензија и други права. Извештајот содржи препораки за подобрување на пристапот до правда и до социјални права за граѓаните.

Визуелизации:

- Инфографик за поднесување на тужба пред Управен суд
- Инфографик за семејна и старосна пензија
- Инфографик за лекување во странство
- Инфографик за социјална сигурност за стари лица

БОРБА ПРОТИВ САЈБЕР БУЛИНГ ВРЗ ДЕВОЈЧИЊА

Финансиски поддржано од Канадската амбасада во Белград

Времетраење: 28 ноември 2023 - 28 февруари 2024

Општата цел на проектот да го намали и спречи булингот и сајбер булингот врз девојчињата во Северна Македонија преку едукација на младите.

Во рамките на проектот ќе се реализираат следниве активности:

- Родова анализа на објави споделени на социјалните мрежи;
- Спроведена анкета меѓу учениците во средните училишта за булинг и сајбер булинг;
- Две фокус групи со девојчиња преку споделување на нивното искуство со булинг и сајбер булинг;
- Три анти-булинг работилници со ученици од средни училишта во Скопје со цел да се едуцираат за спречување на булинг и сајбер булинг врз девојчиња;
- Онлајн кампања за подигање на свеста за булинг и сајбер булинг меѓу учениците во средните училишта.

Во периодот на подготовка на овој извештај започнати се активности за спроведување на анкетата за булинг и сајбер булинг меѓу учениците во средните училишта во општините од 8 плански региони. Во Источниот регион, анкетата ќе биде спроведена во Општина Берово и Општина Штип. Во Пелагониски Регион во Општина Битола. Во Југоисточен регион во Општина Валандово и Општина Струмица. Во Вардарскиот регион во Општина Велес и Општина Неготино. Во Полошкиот регион во Општина Гостивар, Општина Маврово и Ростуша и Општина Тетово. Во Скопскиот регион во Град Скопје и Општина Илинден. Во Југозападен регион во Општина Дебар и Општина Охрид. Во Североисточен

Регион во Општина Крива Паланка и Општина Куманово. Во Пелагониски регион во Општина Крушево. Воедно ќе се одржат две фокус групи со средни училишта во Општина Битола и Општина Штип и три работилници со средни училишта на подрачјето на територијата на Град Скопје.

Очекувани (долготрајни) резултати:

- подигање на свеста за булинг и сајбер булинг меѓу девојчињата, како да се идентификува, спречи и како учениците да се борат против овој негативен феномен;
- родово распределени квантитативни и квалитативни податоци за булинг во училиштата и сајбер-булинг на социјалните медиуми;
- едуцирани 75 ученици за препознавање и спречување на булинг и сајбер булинг;
- создавање препораки засновани на податоци за информирање на креаторите на политики за борба против булингот и сајбер булингот во Северна Македонија.

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО

Грант во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан", финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации

Времетраење: 1 декември 2023 - 30 ноември 2024

Целта на проектот е да се подигне свеста и да се ангажираат младите во развивање на дијалог за промовирање на мултиетничко општество за сите. Оваа цел ќе биде постигната преку вклучување на учениците во развивање на мултиетнички дијалог и подигање на свеста за почитување и напредување на различните идентитетски обележја на заедниците со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Во рамките на проектот ќе се реализираат следниве активности:

- Организирање на четири трибини (multiethnictalks) со ученици од избрани средни училишта каде наставата се одвива на македонски, албански, турски и ромски јазик.
- Одржување на четири работилници за презентирање на културните и јазичните обележја на етничките заедници.
- Online кампања на социјалните медиуми преку подготовка на блог постови од страна на ученици на теми поврзани со креирање на едно мултиетничко општество, негување и унапредување на мултикултурата.
- Подготовка на извештај за состојбите врз основа на претходно реализираните проектни активности со заклучоци и препораки за подобрување на меѓуетничкиот дијалог и потенцирање на улогата на младите со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Очекувани резултати од имплементација на проектот:

- Покрената јавна дебата за воспоставување на мултиетнички дијалог помеѓу учениците;
- Зголемено разбирање и ангажман на младите за запознавање на различните културни и јазични обележја на другите етнички заедници;
- Добиени квантитативни и квалитативни сознанија за меѓусебното познавање на културните, образовни и јазични карактеристики.

ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Подготовка и реализација на обуки на теми поврзани со недискриминација и еднаквост

Претставници од Извршната канцеларија на Институтот за човекови права, Јелена Кадриќ и Кристина Дода, беа ангажирани од страна на Центарот за управување со промени да подготват и спроведат обуки за потребите на проектот „Зајакнување на владеење на правото и човековите права во Северна Македонија II" поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Нивниот ангажман е поддршка на работата на Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика за градење на култура и капацитетите на администрацијата за промовирање на принципите на еднаквост, недискриминација и прифаќање на различностите во јавниот сектор и пошироко во општеството. Беа подготвени и реализирани 5 обуки со претставници од единиците на локалната самоуправа на теми поврзани со еднаквост и недискриминација.

Учество на обуки организирани од страна на DCAF (Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор)

Во текот на 2023 година беа одржани 4 обуки организирани од страна на DCAF (Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор) на кои учествуваа Јелена Кадриќ и Весна Стефановска, како претставници од Институтот за човекови права. На обуките се дискутираше за усогласување на реформата на безбедносниот сектор со реформата во правосудниот сектор, усогласување на парламентарниот надзор со граѓанскиот надзор над разузнавањето и безбедноста за пратениците /парламентарниот персонал и претставниците на граѓанските организации/медиумите во Северна Македонија, вклучување на човековите права во реформите во безбедносниот сектор како и подготовка на стандардизирани насоки за граѓански надзор над разузнавањето и безбедноста од страна на граѓански организации и медиуми.

Учество во процес на подготовка на Националната публикација за целите на одржлив развој на Обединетите нации

Институтот за човекови права беше ангажиран од страна на Програма за развој на Обединетите нации (УНДП) во Република Северна Македонија во процесот на подготовка на Националната публикација за целите на одржлив развој на Обединетите нации (The Sustainable Development Goals - How to Accelerate Their Achievement in North Macedonia and Leave No One Behind). Во соработка со УНДП, Институтот за човекови права објави јавен повик до сите заинтересирани професионалци, професори, студенти и експерти да достават есеј кој ќе обработува тема поврзана со целите за одржлив развој. Во рамки на публикацијата беа избрани 14 есеи кои се однесуваат на различните цели за одржлив развој. Публикацијата ќе биде објавена и промовирана на почетокот на 2024 година.

Учество во прокетот „Квалитетно образование за сите – Северна Македонија" имплементиран од Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје

Проектот „Квалитетно образование за сите – Северна Македонија" има за цел промовирање на демократијата и човековите права во образованието како и подготовка на младите луѓе со потребните вештини и алатки за да живеат во мултикултурно општество. Маргарита Цаца Николовска, претседателката на ИЧП, и Марија Чекреџи, проектен соработник во ИЧП, се дел имплементацијата на овој проект како надворешни консултатнти. Тие се вклучени во имплементацијата на две проектни активности, имено: изготвување на мерки и активности за спроведување на пресудата Елмазова и Други против Севрна Македонија на ниво на заедницата и спроведување на

сеопфатна програма за обука и менторство на 25 пилот училишта чија цел е подобрување на нивните инклузивни и демократски средини за учење.

Маргарита Цаца Николовска ќе ги презентира мерките и активностите за спроведување на пресудата Елмазова и Други против Северна Македонија на 16ти јануари 2024 година на тркалезната маса организирана од програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје со цел споделување на истите со претставници на заедниците на Штип и Битола.

Марија Чекреџи е ангажирана за спроведување на програма за обука и менторство со шест пилот училишта (три од Скопје и три од Куманово, од кои две се основни училишта, а четири се средни училишта). На обуките секое пилот училиште учествува со основен училиштен тим (составен од директорот на училиштето, двајца наставници и еден претставник на стручната служба како психолог, педагог или социјален педагог), а на менторските средби учествува со проширен училиштен тим (составен од основниот училиштен тим и двајца ученици, еден родител, двајца дополнителни наставници и еден член на заедницата, формирајќи тим од десет поединци). На 4ти декември 2023 година се одржа онлајн воведен модул со основните тимови на шесте пилот училишта кој беше од суштинско значење за поставување на општата насока на програмата и запознавање со целите на истата. Во 2024 година ќе се одржат вкупно пет обуки и три менторски среди со пилот училиштата.

Учество на конференција „Дискриминацијата и говорот на омраза" на Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје

На 21.11.2023 година се одржа конференцијата на тема „Дискриминацијата и говорот на омраза" на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Излагање на конференцијата имаше и претставник од Институтот за човекови права, Стефан Коцевски, кој ја нагласи поврзаноста на говорот на омраза и дискриминацијата, и како двете придонесуваат кон климата на предрасуди и неправда. Додека говорот на омраза е форма на изразување, дискриминацијата вклучува нефер постапки или практики. И двете се области на грижа за општествата кои сакаат да промовираат еднаквост и да ги заштитат правата на поединците и групите. Дополнително, презентирани беа неколку начини за тоа како говорот на омраза се јавува како форма на дискриминација, односно начини каде говорот на омраза придонесува за поширока атмосфера на дискриминација преку овековечување на негативните стереотипи, поттикнување непријателство и создавање непријателска средина. На крајот, презентирани беа клучните елементи кои треба да се бараат при идентификација на дискриминацијата во говорот на омраза. Конференцијата претставуваше вивидна точка на вкрстување на различни аспекти на односот помеѓу дискриминацијата и говорот на омраза – теоретски увиди во состојбите, приложување на меѓународните стандарди, институционалните искуства, улогата на медиумите и влијанието на социјалните медиуми се до излезните решенија во поширока смисла на зборот, од правни регулативи до создавање на заедници на грижа.

Предавања на работилници „Корупцијата, наш предизвик за НЕ!"

Претставници од Институтот за човекови права, Марија Чекреџи, Мартин Сопронов и Весна Стефановска на 19 и 25 декември одржаа предавања во две основни училишта ООУ „Невена Георгиева-Дуња" и „Партенија Зографски" во Скопје. Двете работилници беа реализирани во три дела. Првиот дел се состоеше од драматизација на учениците на три сценарија за корупција. Потоа претставниците на Институтот за човекови права одржаа кратки предавања за корупцијата и нејзините последици во општеството. На крај, работилниците беа затворени со прашања од страна на учениците и дискусија.

ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА РЕАЛИЗИРАНИ ВО СТРАНСТВО

Учество на студиска посета во Берлин - Сојузна Република Германија организирана од страна на DCAF

На 6 и 7 септември 2023 година беше реализирана студиска посета во Берлин организирана од страна DCAF - Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, на која учествуваше Весна Стефановска, програмска координаторка во ИЧП. Во рамките на студиската посета, на која учествуваа претставници од граѓанските организации и медиумите, беа остварени средби со претставници од Stiftung Neue Verantwortung, Gesellschaft für Freiheitsrechte e.V и работна средба во Бундестагот со претседавачот на Парламентарниот комитетот за надзор над разузнавање. Работната посета беше реализирана во рамките на програмата на DCAF за реформи на Разузнавачко безбедносниот сектор во Република Северна Македонија 2021-2026.

Учество на Размена на мислења со граѓанско општество организирана од Генералниот секретар на Совет на Европа, Марија Пејчиновиќ Бурић, во Стразбур – Р. Франција

На 15 септември 2023 - Меѓународниот ден на демократијата, Марија Чекреџи, проектен соработник во ИЧП, учествуваше на првата Размена на мислења со граѓанското општество организирана од генералниот секретар на Советот на Европа, Марија Пејчиновиќ Бурић, во Стразбур. Генералниот секретар ја нагласи важноста на напорите на Советот на Европа за зајакнување на ангажманот со граѓанските организации, националните институции за човекови права и бранителите на човековите права. Институтот за човекови права беше како дел од оваа дискусија ги поддржува напорите на Генералниот секретар во зајакнувањето на соработката помеѓу граѓанското општество и Советот на Европа.

Учество на Регионалната тркалезна маса за промовирање на антикорупциско образование на младите, организирана од Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNDOC)

На 22 септември 2023 година, Сандра Бузлиева како претставник од Институтот за човекови права учествуваше на Регионалната тркалезна маса за промовирање на антикорупциско образование на младите, организирана од Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNDOC) која што се одржа во Бечичи, Црна Гора. На настанот се истакна важноста на антикорупциското образование и се овозможи претставниците на релевантните антикорупциски институции, образовниот и граѓанскиот сектор да рзменат искуство и идентификуваат добри практики. Институтот за човекови права успешно го претстави своето искуство во работата во областа на антикорупцијата и образованието, како и го претстави својот курс за Основите за борба против корупцијата во Република Северна Македонија.

Учество на Регионални и глобални напори за унапредување на антикорупциската агенда: дијалог за Азија и Европа

На 17 и 18 октомври 2023 година, се одржа настанот посветен на Регионалните и глобални напори за унапредување на антикорупциската агенда: дијалог за Азија и Европа на кој учествуваше и Марија Чекреџи како претставник на Институтот за човекови права. Целта на дијалогот беше усвојување на препораки како граѓанските организации, академскиот сектор и младите да го зголемат својот придонес во спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата и политичката декларација на UNGASS. Препораките усвоени од овој дијалог беа презентирани на 10-тата Конференција на државите членки на Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата.

УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ И КООРДИНАТИВНИ ТЕЛА

Национално координативно тело за бесплатна правна помош

Во 2023 година, Националното координативно тело одржа три состаноци на кои беа дискутирани предизвиците поврзани со имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош, заштита на жртви од родово-базирано и семејно насилство, но и како да се унапреди соработката помеѓу Министерството за правда, давателите на бесплатна правна помош, судовите и центрите за социјални работи за конкретните предизвици кои беа идентификувани при спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош. Дополнително, на состаноците беа разменети искуства поврзани предизвиците при одлучувањето за трошоците во судските постапки во случаи во кои едната страна е корисник на бесплатна правна помош, понатаму донесениот Закон за вештачење и за трансформацијата на Бирото за судски вештачења во Биро за процена и за влијанието што тоа ќе го има врз секундарната правна помош, во согласност со Законот за бесплатна правна помош. Исто така, се дискутираше за моделите за интегрирање на медијацијата и на алтернативното решавање на спорови во националните системи за бесплатна правна помош, во согласност со најдобрите стандарди во ЕУ. Овие состаноци беа организирани со поддршка на Советот на Европа во рамките на Проектот за „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија, кој што е дел од програмата "Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција - фаза 2", заеднички проект на ЕУ и Совет на Европа кој го спроведува Советот на Европа. Институтот за човекови права преку своите претставници ги сподели предизвиците со обезбедување на примарна правна помош како и дилеми поврзани со пополнување на барања за секундарна правна помош.

Национално координативно тело за недискриминација

Институтот за човекови права преку свои претставници учествува во состаноците организирани од страна на Националното координативно тело за недискриминација чија цел е да ги следи состојбите со недискриминација и реализација на закони, подзаконски акти и стратешки документи. Ова тело постои со цел координација и следење на состојбите со недискриминација е пред сè заради подигнување на транспарентноста во работењето на државните институции во оваа област, координација на активностите меѓу институциите и организациите (здруженија на граѓани и меѓународни организации), заедничко воспоставување на приоритети на годишно ниво во оваа област врз основа на меѓународни и други извештаи и анализи, како и континуирано следење на состојбите во оваа област и заедничко предлагање на мерки за подобрување на состојбите.

Членство во Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Институтот за човекови права е член на Платформата која цели кон проактивно, динамично и оспособено граѓанско општество кое ги почитува, промовира и застапува принципите на доброто владеење. Платформата ги поврзува граѓанските организации и е отворено место за соработка, вмрежување и демократска дебата со цел зајакнување на улогата на граѓанските организации во борбата против корупцијата во Република Северна Македонија. Во 2023 година, Платформата подготви соопштенија кои тангираа различни теми поврзани со антикорупција, правосудство и човекови права. Беа подготвени и објавени соопштенија поврзани со носење на специјалниот Закон за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10, повлекување од работната група за креирање на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка, изборот на нови членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, случувањата поврзани со насилниот инцидент во просториите на М-НАВ и заштита на оние укажуваат или пријавуваат можни ризици од корупција.

Членство во Блупринт групата за реформи во правосудството

Блупринт групата за реформи во правосудството е неформална мрежа на граѓански организации кои во изминативе години работат и делуваат во областа на правосудството. Институтот за човекови права заедно со Институтот за европска политика, Коалиција за правично судење, Македонско здружение на млади правници, Центарот за правни истражувања и анализи, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Фондација Отворено општество-Македонија во рамките на своето делување во текот на 2023 година, меѓу другото, излегоа со реакции и своите видувања за повеќе актуелни настани, случувања или изјави кои се однесуваа на отстапувања на начелата на владеење на правото. Беа подготвени и објавени реакции во врска со случувањата во Судски совет и измените на Кривичниот законик во скратена постапка. Членовите од Блупринт групата дадоа свои коментари во процесот на подготовка на новата Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2023-2027. Извршната директорка на Институтот за човекови права како претставник на Блупринт групата учествува во работната група за измени на Законот за Судски совет на РСМ.

Членство во Советот за отворено судство

Советот за отворено судство е советодавно тело на судовите и правосудните органи, за координација и следење на развојот и спроведувањето на акциските планови , со клучна советодавна и одлучувачка улога во сите фази на процесот на отворено судство, низ циклусот на планирање, во развојот на акциските планови и во нивното спроведување, следење и известувањето. Советот е формиран за да ја поттикне транспарентноста и отвореноста на работата на судовите и правосудните институции и да се поттикне учеството на граѓанското општество во спроведувањето и следењето на иницијативата Отворено судство во Република Северна Македонија, да се обезбеди меѓу секторска соработка и да се воспостават јасни, структурирани и трајни механизми за постојан дијалог меѓу судската власт и граѓанското општество; да се зголеми учеството на граѓанското општество во подготовката на акциските планови за отворено судство и за поддршка, поттикнување и следење на спроведување на тековниот акциски план. Во 2023 година беше одржан еден состанок на кој се дискутираше за тековните активностите на Советот за отворено судство.

Членство во Управен одбор на проектот „Промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија“ реализиран од Совет на Европа и Европска Унија

Институтот за човекови права е дел од Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија, проект на Совет на Европа и Европската Унија. Целта на проектот е да се зајакне капацитетот на националните и локални чинители подобро да ги адресираат прашањата поврзани со анти-дискриминација, борба против говор на омраза и заштита на правата на ЛГБТИ лицата во согласност со стандардите и препораките поставени од Совет на Европа. Главна цел на Управниот одбор е да ја следи имплементацијата на проектот како и да дава насоки за спроведување на активностите. Претставници од Институтот за човекови права присуствуваа на состаноците на Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија кои беа одржани во 2022 година.

